Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 јануари 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА А4–ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ КО СОЈАКЛАРИ, ОПШТИНА ВЕЛЕС**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4–времено сместување КО Сојаклари, Општина Велес.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Кататастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 888/2 | Сојаклари | Отавочки Пат Јарбош | нива | 4 |
| Вкупна површина на земјоделско земјиште предмет на трајна пренамена: 3053м$^2$ | | | | |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10753/1-19 
28 јануари 2020 година 
Скопје

Претседател на Владата 
на Република Северна Македонија, 
**Оливер Спасовски,** с.р.

**388.**

Врз основа на член 42 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 јануари 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Центарот за стручно образование и обука - Скопје, да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на

движни ствари – кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и неможат да се продадат или разменат како такви, согласно Одлуката за усвојување на Извештајот на пописните комисии за извршениот годишен попис на средствата и обврските со состојба на ден 31.12.2018 година, донесена од страна на Управниот одбор на Центарот за стручно образование и обука - Скопје број 02-42/1 од 23.1.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10789/1-19
28 јануари 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

**389.**

**О Б Ј А В А**

Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за взаемно признавање на одобренија за овластен економски оператор - безбедност и сигурност (AEOS), потпишана во Скопје на 26 август 2019 година и објавена во „Службен весник на РСМ“ бр. 259/2019, согласно членот 12 од предметната Спогодба, истата влегува во сила од 13 февруари 2020 година.

23 јануари 2020 година
Скопје

Министер
за надворешни работи,
**Никола Димитров,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**390.**

Врз основа на член 35 од Законот за данокот на личен доход („Службен весник на Република Македонија” бр.241/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДЕЛОВНИТЕ КНИГИ, НАЧИНОТ НА НИВНОТО ВОДЕЊЕ И ИСКАЖУВАЊЕТО НА ФИНАНСИСКИОТ РЕЗУЛТАТ НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ ШТО ВРШАТ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на деловните книги, начинот на нивното водење и искажувањето на финансискиот резултат на даночните обврзници што вршат самостојна дејност.

Член 2

Во книгата на приходи се книжи остварениот бруто приход на обврзникот од продадените стоки, односно извршените услуги.

Книгата на приходи се води во електронска или хартиена форма на образец „КП“ во А4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот од ставот 2 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Во книгата на трошоци се книжат сите набавени материјали и сите останати трошоци врз основа на соодветна документација за набавените материјали и за трошоците, како и врз основа на пописот на залихите на материјалите.

Книгата на трошоци се води во електронска или хартиена форма на образец „КТ“ во А4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот од ставот 2 на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Во книгата на основни средства и ситен инвентар и залихи се книжат средствата со кои располага обврзникот, кои не се целосно отпишани.

Книгата на основни средства и ситен инвентар и залихи се води во електронска или хартиена форма на образец „КО“ во А4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот од ставот 2 на овој член се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Во книгата на парични средства, побарувања и обврски се книжат сите уплати и исплати на трансакциската сметка на обврзникот.

Книгата на парични средства, побарувања и обврски се води во електронска или хартиена форма на образец „КПС“ во А4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот од ставот 2 на овој член се дадени во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Даночните обврзници што вршат самостојна дејност го искажуваат финансискиот резултат од работењето на образецот „Б-биланс на приходи и расходи“.

Формата и содржината на образецот од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 5 кој е составен дел на овој правилник.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на работните книги и на помошната евиденција на даночните обврзници што вршат самостојна дејност („Службен весник на Република Македонија” број 1/88, 38/91, 29/94, 7/95, 35/95, 10/02 и 21/08 ).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-714/1
24 јануари 2020 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Нина Ангеловска,** с.р.

ПРИЛОГ 1

КНИГА НА ПРИХОДИ ( ОБРАЗЕЦ „КП“)

Страна ____

| Реден број | Дата | Број на фактура | Купувач | Промет во готово | | | | | Промет преку трансакциска сметка | | | | | Вкупно ДДВ | Вкупен Промет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кој не подлежи на ДДВ | Промет со 5% | | Промет со 18% | | Кој не подлежи на ДДВ | Промет со 5% | | Промет со18% | | | |
| | | | | | Вкупен износ | Износ ДДВ | Вкупен износ | Износ ДДВ | | Вкупен износ | Износ ДДВ | Вкупен износ | Износ ДДВ | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | **Вкупно:** | | | | | | | | | | | | |

Страна ____

| Реден број | Дата | Број на фактура | Купувач | Промет во готово | | | | | Промет преку трансакциска сметка | | | | | Вкупно ДДВ | Вкупен Промет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кој не подлежи на ДДВ | Промет со 5% | | Промет со 18% | | Кој не подлежи на ДДВ | Промет со 5% | | Промет со 18% | | | |
| | | | | | Вкупен износ | Износ ДДВ | Вкупен износ | Износ ДДВ | | Вкупен износ | Износ ДДВ | Вкупен износ | Износ ДДВ | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| | | | **Пренесено:** | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | **Вкупно:** | | | | | | | | | | | | |

ПРИЛОГ 2

КНИГА НА ТРОШОЦИ ( ОБРАЗЕЦ „КТ“)

Страна ____

| Реден број | Датум на книжење | Број на документ | Добавувач | Набавени материјали | | Останати трошоци | | Вкупно платен ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Набавна вредност без ДДВ | Платен ДДВ | Вредност без ДДВ | Платен ДДВ | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | **Вкупно:** | | | | | |

Страна ____

| Реден број | Датум на книжење | Број на документ | Добавувач | Набавени материјали | | Останати трошоци | | Вкупно платен ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Набавна вредност без ДДВ | Платен ДДВ | Вредност без ДДВ | Платен ДДВ | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | | | **Пренесено:** | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | **Вкупно:** | | | | | |

КНИГА НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА И СИТЕН ИНВЕНТАР И ЗАЛИХИ (образец „КО“) ПРИЛОГ 3

Година __________ Страна ____

| Реден број | Датум на набавка | Вид на средство | Состојба на ден 1.1 или на денот на набавката | | | Процент на амортизација | Износ на амортизација | Преостаната вредност на ден 31.12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Набавна вредност | Платен ДДВ | Набавна вредност со ДДВ | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | **Вкупно:** | | | | | | |

Година ______ Страна ___

| Реден број | Датум на набавка | Вид на средство | Состојба на ден 1.1 или на денот на набавката | | | Процент на амортизација | Износ на амортизација | Преостаната вредност на ден 31.12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Набавна вредност | Платен ДДВ | Набавна вредност со ДДВ | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | **Вкупно:** | | | | | | |

КНИГА НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА, ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ (Образец „КПС“) ПРИЛОГ 4

Страна ____

| Реден број | Извод број | Датум на промена | Опис | Промет | | Состојба |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Уплати во корист на трансакциска сметка | Исплати на товар на трансакциска сметка | |
| 1 | 2 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | **Вкупно:** | | | |

Страна ____

| Реден број | Извод број | Датум на промена | Опис | Промет | | Состојба |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Уплати во корист на трансакциска сметка | Исплати на товар на трансакциска сметка | |
| 1 | 2 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | **Пренесено:** | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | **Вкупно:** | | | |

**ПРИЛОГ 5**

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# БИЛАНС
## на приходи и расходи

Б

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | |
| Име и презиме | |
| ЕМБГ | |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | |
| Телефон | |
| е-пошта | |

| | |
|---|---|
| Датум и број на прием | |

Даночен период

| од | | до | |
|---|---|---|---|
| Рок за поднесување | | | |

### А. ПРИХОДИ И РАСХОДИ ОД САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ

*"без дени"*

| | | АОП | |
|---|---|---|---|
| **I.** | **Вкупни приходи (збир од ред. бр. 1 до ред. бр. 4)** | 01 | |
| 1. | Приходи од продажба на готови производи | 02 | |
| 2. | Приходи од продажба на суровини, материјали и трговски стоки | 03 | |
| 3. | Приходи од извршени услуги | 04 | |
| 4. | Други неспомнати приходи | 05 | |
| **II.** | **Вкупни расходи (збир од ред. бр. 5 до ред. бр. 20)** | 06 | |
| 5. | Вредност на потрошени суровини и материјали на реализирани готови производи | 07 | |
| 6. | Набавна вредност на продадени суровини, материјали и трговски стоки | 08 | |
| 7. | Вредност на потрошената енергија | 09 | |
| 8. | Закупнина на работни простории | 10 | |
| 9. | Трошоци за извршени услуги кои имаат карактер на материјални трошоци (транспортни и други услуги) | 11 | |
| 10. | Пресметана амортизација | 12 | |
| 11. | Трошоци по основ на камата по кредити | 13 | |
| 12. | Исплатени бруто-плати на вработените | 14 | |
| 13. | Платени придонеси за задолжително социјално осигурување и платен данок на доход за извршени исплати кон физички лица, освен платените аконтации на данок на доход од вршење на самостојна дејност | 15 | |
| 14. | Платен данок на додадена вредност (поле 17 од образец ДДВ-04) | 16 | |
| 15. | Платени царини, акцизи, даноци на имот, комунални такси и други јавни давачки што се во функција на вршење на дејноста | 17 | |
| 16. | Платени премии за осигурување | 18 | |
| 17. | Канцелариски трошоци и набавка на стручна литература | 19 | |
| 18. | Дневници, патни трошоци и теренски додатоци и други надоместоци утврдени со Закон и Општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството | 20 | |
| 19. | Трошоци што даночниот обврзник е должен да ги направи според одредени прописи | 21 | |
| 20. | Други расходи | 22 | |

## Б. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| III. | **Нето-приход пред оданочување (утврден како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи I-II)** | 23 | |
| IV. | **Загуба пред оданочување (утврдена како разлика меѓу вкупните расходи и вкупните приходи II-I)** | 24 | |

## В. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| V. | **Вредност на средства за работа (збир од ред.бр. 21 до ред. бр. 25)** | 25 | |
| 21. | Земјиште и згради | 26 | |
| 22. | Градежни објекти | 27 | |
| 23. | Постројки и опрема | 28 | |
| 24. | Алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства | 29 | |
| 25. | Други неспомнати материјални средства | 30 | |
| VI. | **Вредност на залихи (збир од ред.бр 26 до ред.бр.28)** | 31 | |
| 26. | Суровини и други материјали | 32 | |
| 27. | Производство во тек (недовршено производство и полупроизводи) | 33 | |
| 28. | Трговски стоки и готови производи | 34 | |
| VII. | **Податоци за вработени лица** | | |
| 29. | Број на работници | 35 | |
| 30. | Број на месеци на вршење на дејноста | 36 | |

## ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

Б

Билансот на приходи и расходи (образец Б) го пополнува обврзникот на данокот на доход регистриран како трговец-поединец, како и физичко лице кое се занимава со земјоделска дејност, со занаетчиска дејност и лице кое врши услуга или слободно занимање, а кој остварува доход од самостојна дејност (доходот остварен од стопанската дејност, од давање професионални и други интелектуални услуги и од други дејности чија трајна цел е остварување на доход).

Образецот "Б", заедно со образецот "ПДД-ДБ", најдоцна до 15 март во наредната година се поднесува во електронска форма преку https://e-pdd.ujp.gov.mk
Даночниот период за кој се утврдуваат вкупните приходи и вкупните расходи во работењето на даночниот обврзник е една календарска година.
Доколку даночниот обврзник вршел самостојна дејност за период пократок од една календарска година, за даночен период се смета периодот од годината во кој обврзникот работел.
Се пополнуваат читливо и целосно само белите полиња од образецот. Износите се искажуваат во цели денари, без дени.

## А. ПРИХОДИ И РАСХОДИ ОД САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ

I. **Вкупни приходи (збир од ред. бр. 1 до ред. бр. 4)**
Збир на сите остварени приходи (АОП 02 до АОП 05). Како остварени приходи се сметаат сите приходи (во пари, предмети, права, услуги и друго), што даночниот обврзник ги остварил при вршење на самостојната дејност, врз основа на работните и даночните книги и другата евиденција на обврзникот. Вредноста на сите остварени приходи кои не се искажани во пари, се искажуваат по пазарна вредност во бруто износ заедно со ДДВ.

II. **Вкупни расходи (збир од ред. бр. 5 до ред. бр. 20)**
Збир на сите расходи (АОП 07 до АОП 22) што обврзникот ги извршил со цел да оствари доход, да го осигура или да го сочува остварениот доход, а за кои поседува уредни документи или други докази за нивно настанување. Како расход се смета и пресметаната амортизација по пропишаните стапки согласно со Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните вложувања и за номенклатурата на средствата за амортизација.

## Б. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

III. **Нето-приход пред оданочување (разлика помеѓу ред. бр. I и ред. бр. II)**
Разлика помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи (АОП 01 - АОП 06), во случај кога приходите се поголеми од расходите.

IV. **Загуба пред оданочување (разлика помеѓу ред. бр. II и ред. бр. I)**
Разлика помеѓу вкупните расходи и вкупните приходи (АОП 06 - АОП 01), во случај кога расходите се поголеми од приходите.

## В. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ

V. **Вредност на средствата за работа (збир на ред. бр. 21 до ред. бр. 25)**
Збирна вредност на средствата за работа од книгата на основните средства, искажани од ред. бр. 21 до ред. бр. 25 (АОП 26 до АОП 30).

VI. **Вредност на залихите (збир од ред. бр. 26 до ред. бр. 28)**
Вкупна вредност на залихите утврдени со пописот според набавната вредност, искажани од ред. бр. 26 до ред. бр. 28 (АОП 32 до АОП 34).

VII. **Податоци за вработените**
На ред. бр. 29 (АОП 35) се наведува бројот на вработените лица, а на ред. бр. 30 (АОП 36) вкупниот број на месеци на работење на вршителот на самостојната дејност во текот на даночниот период.

**Податоци за составувачот и потписникот**

Кај податоци за составувач се пополнуваат податоци за даночниот обврзник или податоци за друго лице на кое му е дадено полномошно од даночниот обврзник (пр.сметководител).
Кај податоци за потписник се пополнуваат податоци за даночниот обврзник или податоци за друго лице на кое му е дадено полномошно од даночниот обврзник (пр.сметководител).

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

**391.**

Врз основа на член 37 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19), министерот за информатичко општество и администрација, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ПОСЕБНА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПОДАТОЦИТЕ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА ИНСПЕКЦИСКАТА ПОСТАПКА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на посебна евиденција за податоците што се однесуваат на инспекциската постапка.

Член 2

Евиденцијата од член 1 од овој правилник се води во електронска форма или во хартиена форма во посебна книга - Уписник за предметите од инспекциската постапка на образец Обр. Ип-1, во формат Б3, со димензии ш.51,48 х в.36,39 цм, која ја сочинуваат 200 страници, изработени од хартија со тежина од 80 гр/м2, секоја содржи 20 редови, и истата е укоричена со корица во кафеава боја, изработена од пластифицирана хартија со тежина од најмалку 300 гр/м2.

Формата и содржината на образецот од став (1) на овој член, е дадена во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Инспекциската евиденција се води на следниот начин: во колоната „Број на организациска единица“ (1) се впишува бројот на организациската единица, во колоната „Уписен број“ (2) се впишува бројот на предметот, во колоната „Субјект на надзор“ (3) се впишува називот на субјектот на инспекциски надзор, во колоната „Подносител на иницијатива/претставка“ (5) се впишува името и презимето или називот на подносителот на иницијативата за инспекциски надзор односно претставката, во колоната „Архивски знак“ (39) се впишува архивскиот знак за чување на предметот, во колоната „Забелешка“ (40) се впишува било каква забелешка поврзана со предметот, а во останатите колони се впишува датумот на соодветниот акт односно датумот на преземената активност.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на инспекциска евиденција, како и содржината на извештаите од инспекциската статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 165/11).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-573/1
24 јануари 2020 година
Скопје

Министер за информатичко
општество и администрација,
**Дамјан Манчевски,** с.р.

**Прилог**

Уписник за предмети од инспекциска постапка

| Број на организациска единица | Уписен број | Субјект на надзор | Писмено известување/Налог/Наредба за инспекциски надзор | Подносител на иницијатива/ претставка | Вршење на редовен/вонреден инспекциски надзор | Барање податоци и информации | Записник за извршен редовен/вонреден инспекциски надзор | Записник за земање примерок | Доставување за прва анализа | Прием на резултати од прва анализа | Писмено известување за резултати од прва анализа | Барање за втора анализа | Доставување за втора анализа | Прием на резултати од втора анализа | Писмено известување за резултати од втора анализа | Доставување за супер анализа | Прием на резултати од супер анализа | Писмено известување за резултати од супер анализа | Заклучок за трошоци од анализа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Страна 1

Уписник за предмети од инспекциска постапка

| Потврда за одземени предмети и списи | Предавање на одземени предмети во АУОИ | Решение по извршен редовен/вонреден инспекциски надзор | Вршење на контролен инспекциски надзор | Записник за извршен контролен инспекциски надзор | Решение по извршен контролен инспекциски надзор | Извештај од спроведен надзор | Жалба по решение | Барање од второстепен орган за акти и списи | Одговор по жалба/Одлука за првостепен орган | Прием на одлука за второстепен орган по жалбата | Прекршочен платен налог | Барање за поведување на прекршочна постапка | Прием на одлука на прекршочен орган | Барање за поведување на кривична постапка | Прием на одлука на кривичен орган | Известување на подносител | Датум на разведување | Архивски знак | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | 32 | 33 | 34 | 35 | 36 | 37 | 38 | 39 | 40 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Страна 2

Страните бр. 1 и 2 се повторуваат до страните бр. 199 и 200.

# АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**392.**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКО ПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА ПОЛСКА**

Член 1

Во Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Република Полска ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 16/20), во членот 1 став (1) по алинејата 1 се додаваат четири нови алинеи 2, 3, 4 и 5 кои гласат:

" - Легнички/Legnicki,
- Колски/Kolski,
- Самотулски/Szamotulski,
- Мислиборски/Mysliborski,".

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 02-310/1
24 јануари 2020 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
Директор,
**Зоран Атанасов,** с.р.

# КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ

**393.**

По извршеното срамнување со изворниот текст утврдено е дека во Колективниот договор за културата, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 10/2020, направена е техничка грешка, поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР ЗА КУЛТУРАТА**

Во членот 131 став 2 наместо бројот „2019" треба да стои бројот „2020".

Од Министерството за култура на
Република Северна Македонија

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622
2020021

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 21** **30 јануари 2020, четврток** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


# Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската Унија кон кои се придржува/прифаќа Република Северна Македонија на покана на ЕУ

СОДРЖИНА

**Стр.**


1. **Одлука** за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/1722 на Советот од 14 октомври 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје……................................................... **2**

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1.**

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр. 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 јануари 2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ СОГЛАСНО ОДЛУКАТА (ЗНБП) 2019/1722 НА СОВЕТОТ ОД 14 ОКТОМВРИ 2019 ГОДИНА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА (ЗНБП) 2018/1544 ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ ПРОТИВ ШИРЕЊЕТО И УПОТРЕБАТА НА ХЕМИСКО ОРУЖЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/1722 на Советот од 14 октомври 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:

- финансиски мерки,
- забрана за влез во Република Северна Македонија.

Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии- Управа за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

Член 4

Одлуката (ЗНБП) 2019/1722 на Советот од 14 октомври 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 5

Рестриктивните мерки ќе се применуваат до 16 октомври 2020 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-366/1
21 јануари 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

L 262/66 EN Official Journal of the European Union 15.10.2019

**COUNCIL DECISION (CFSP) 2019/1722**

**of 14 October 2019**

**amending Decision (CFSP) 2018/1544 concerning restrictive measures against the proliferation and use of chemical weapons**

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to Council Decision (CFSP) 2018/1544 of 15 October 2018 concerning restrictive measures against the proliferation and use of chemical weapons ([1]),

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 15 October 2018, the Council adopted Decision (CFSP) 2018/1544.

(2) Decision (CFSP) 2018/1544 applies until 16 October 2019. On the basis of a review of that Decision, the restrictive measures set out therein should be extended until 16 October 2020.

(3) Decision (CFSP) 2018/1544 should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

Article 8 of Decision (CFSP) 2018/1544 is replaced by the following:

'*Article 8*

This Decision shall apply until 16 October 2020. This Decision shall be kept under constant review. It shall be renewed, or amended as appropriate, if the Council deems that its objectives have not been met.'.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the day following that of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Luxembourg, 14 October 2019.

*For the Council*
*The President*
F. MOGHERINI

([1]) OJ L 259, 16.10.2018, p. 25.

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

## ОДЛУКА (ЗНБП) 2019/1722 НА СОВЕТОТ

**од 14 октомври 2019 година**

**за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европска Унија, а особено член 29 од истиот,

Имајќи ја предвид Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 на Советот од 15 октомври 2018 година за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје ([1]),

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 15 октомври 2018 година, Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2018/1544.

(2) Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 се применува до 16 октомври 2019 година. Врз основа на преглед на таа одлука, рестриктивните мерки утврдени во истата треба да бидат продолжени до 16 октомври 2020 година.

(3) Затоа, Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

Член 1

Член 8 од Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 се заменува со следново:

„*Член 8*

Оваа одлука се применува до 16 октомври 2020 година. Оваа одлука постојано се преиспитува. Оваа одлука се продолжуваили изменува како што е соодветно, доколку Советот смета дека нејзините цели не се исполнети.“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила следниот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Луксембург, 14 октомври 2019 година.

За Советот
Претседател
Ф. МОГЕРИНИ

[1] Сл. весник L 259, 16.10. 2018 година, стр. 25.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

ISSN 0354-1622

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

2020021